Република Македонија
Министерство за финансии
Управа за финансиско разузнавање

[redacted]

Број. 02 - 18 / 1 (18)
Дата: 23/ 01 / 2018, Скопје

Министерство за финансии
Управа за финансиско разузнавање
Ѓуро Стругар бр:5 4 кат
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3297 540
(02) 3297 690
Факс: (02) 3224 824
Е-пошта: contact@ufr.gov.mk
Сајт: www.ufr.gov.mk

ДО
Министерство за финансии
-Сектор за финансиски систем

ПРЕДМЕТ: Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и забавните игри

Почитувани,

Управата за финансиско разузнавање го разгледа Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и забавните игри и смета дека истиот ќе треба да се дополни со одредби во врска со воведување на обврска на сите приредувачи на игри на среќа за примена на мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам. Имено, согласно 4-та ЕУ Директива за спречување на користењето на финаскискиот систем за целите на перење пари и финансирање на тероризам која се имплементира во текстот на нов Предлог на Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам (изготвен е предлог на законот), се предвидува обврските за спречување на перење пари и финансирање тероризам кои досега важеа само за казината, да се прошират и на други игри на среќа, кои 4-та АМЛ Директива ги дефинира: “Gambling services” means a service which involves wagering a stake with monetary value in games of chance, including those with an element of skill such as lotteries, casino games, poker games and betting transactions that are provided at a physical location or by any means at a distance, by electronic means or any other technology for facilitating communications and at the individual request of a recipient of services.”
Согласно наведеното, во новиот текст на Предлогот на Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам како субјекти на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам се вклучени сите приредувачи на игри на среќа. Сметаме за потребно да ја истакнеме потребата од меѓусебни работни средби помеѓу Управата и Секторот за финансиски систем, пред изготвување на конечен текст на Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и забавните игри со цел да се разгледаат можностите за имплементирање на наведените обврски од 4-та АМЛ Директива. (лице за контакт од Управата: Блажо Трендафилов, в.д.директор, тел. 076 445 312, 3297 541).

Со почит,

в.д Директор
Блажо Трендафилов

Република Македонија
Министерство за финансии
Управа за финансиско разузнавање
Скопје